**Бр. 0201- 350/6**
**1.03.2017 година**

Врз основа на член 56 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - пречистен текст (Универзитетски гласник бр. 269 од 18.11.2013 година), а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Сл. весник на РМ“ бр. 13/06, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/15, 55/16), Деканатската управа на Факултетот на седницата одржана на 1.03.2017 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за утврдување листа на информации од јавен карактер

### Член 1

Се утврдува листата на информации од јавен карактер за кои Факултетот, односно органите на Факултетот се иматели на информации.

Оваа листа на информации од јавен карактер ги содржи информациите кои ги создал и со кои располага Факултетот во остварувањето на своите надлежности утврдени со Закон, и тоа:

- **Акти**
  (*достапни во: Универзитетски гласник, веб страница*)
- **Тековни активности**
  (*достапни на: Огласна табла на Факултетот, веб страница*)
- **Годишни извештаи**
  (*достапни во: Универзитетски весник*)

**<u>Настава</u>**

- **Извештаи за студенти (број на запишани и дипломирани студенти на додипломски и постдипломски студии, доктори на науки)**
  (*достапни во: Извештаите на Заводот за статистика, Универзитетот*)
- **Студиски и предметни програми**
  (*достапни во: Информативен пакет, веб страница*)
- **Распоред на предавања, резултати од испити, колоквиуми и сл.**
  (*достапни на: огласна табла на Факултетот, веб страница*)
- **Регистар на наставно-научни работници и соработници**
  (*достапни на: веб страница, извештај на Универзитетот, Завод за статистика, Министерство за образование*)

**<u>Научноистражувачка и апликативна дејност</u>**
(*достапни на: веб страница*)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА
СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY "Ss. CYRIL AND METHODIUS" SKOPJE
FACULTY OF VETERINARY MEDICINE
SKOPJE

**Меѓународна соработка**

- **Договори за меѓународна соработка**
  *(достапни на: веб страница)*

**Издавачка дејност и библиотечно работење**
*(достапни во: Библиотеката на Факултет)*

**Финансиско-материјално работење**

- **Годишен извештај за финансиско материјално работење**
  *(достапни во: Управата за јавни приходи, Државен завод за ревизија, Централен регистар и УКИМ)*

- **Јавни набавки**
  *( достапни во: ЕСЈН – Електронски систем за јавни набавки)*

**Член 2**

Заштитени од правото за слободен пристап до информации се сите лични податоци за вработените, студентите и надворешните соработници согласно Законот за заштита на личните податоци, податоците од тековните финансиски активности по сите основи и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

В.д. Декан,

Проф. д-р Лазо Пендовски

*Адреса*: Лазар Поп-Трајков 5-7,
1000 Скопје, Р. Македонија
*Тел*: +389 2 3240 700
*Факс*: +389 2 3114 619
*E-mail*: fvms@fvm.ukim.edu.mk
*Web*: http://www.fvm.ukim.edu.mk

Тестирање
МКС EN ISO/IEC 17025
ЛТ – 006
Testing

*Address:* Lazar Pop-Trajkov 5-7,
1000 Skopje, R. Macedonia
*Tel:* +389 2 3240 700
*Fax:* +389 2 3114 619
*E-mail:* fvms@fvm.ukim.edu.mk
*Web:* http://www.fvm.ukim.edu.mk